Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден _.10.2026 година донесе,

О Д Л У К А
за прифаќање на донација од 1-ва Книга ДОО Велес

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација –„Друштво за вработување на инвалиди за графичка дејност 1-ва КНИГА ДОО Велес“ и тоа на комплетна проектна документација за отстранување на челичниот антенски столб кој се наоѓа на КП 15900/1 КО Велес во сопственост на Република Северна Македонија и финансиски средства поврзани со трошоци за отстранување на челичната антена, во вкупна вредност од 350.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 2

Друштвото за вработување на инвалиди за графичка дејност 1-ва КНИГА ДОО Велес“, по влегување во сила на оваа одлука за донација ќе пристапи кон изработка на ревидиран проект за отстранување на челичниот антенски столб на КП 15900/1 КО Велес и обезбедување на друга потребна документација потребна во постапката за отстранување на истиот.

Член 3

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и Друштво за вработување на инвалиди за графичка дејност 1-ва КНИГА ДОО Велес како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Друштво за вработување на инвалиди за графичка дејност 1-ва КНИГА ДОО Велес, е подготвено да даде свој придонес кон унапредување на јавниот простор, за лична безбедност на компанијата, како и за безбедност на околните објекти изградени во населба Речани, така што предлага да обезбеди на Општина Велес донација на комплетна проектна документација за отстранување на челичниот антенски столб кој се наоѓа на КП 15900/1 КО Велес во сопственост на Република Северна Македонија и финансиски средства поврзани со трошоци за отстранување на челичната антена на нејзин товар, сето тоа во вкупна вредност од 350.000,оо денари со вклучен ДДВ.

По влегување во сила на оваа одлука за донација, Друштво за вработување на инвалиди за графичка дејност 1-ва КНИГА ДОО Велес ќе пристапи кон изработка на ревидиран проект за отстранување на челичниот антенски столб на КП 15900/1 КО Велес и обезбедување на друга потребна документација потребна во постапката за отстранување на истиот.

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и „Друштво за вработување на инвалиди за графичка дејност 1-ва КНИГА ДОО Велес, како даватели на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Архивски знак: 2906
Рок на чување: трајно
20___ год
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 13-10-2026
Орг. един. | Бр. | Прилог | Вредност
09-43501 | 1

1ВА КНИГА

ДОО Велес

TÜV AUSTRIA CERTIFIED

Тел:++389 043 231 254

Факс: ++389 043 211 418

210-050-202-630-113 НЛБТБ

ЕДБ: МК 4004994104810

Општина Велес

Предлог – Понуда за донација

Дата 06.10.2026

Друштво за вработување на инвалиди за графичка дејност
1-ва КНИГА
06.10.2026
Велес

Почитувани

Со цел да дадеме свој придонес кон унапредување на јавниот простор и наша лична безбедност, како и безбедност на околните изградени објекти во населба Речани, 1ва Книга ДОО, изразува подготвеност да обезбеди донација во вкупен износ од 350.000 денари + ДДВ.

Донацијата е наменета за трошоците поврзани со отстранување на челичната антена на КП 15900/1 КО Велес и трошоци за пропратната документација што треба да се изготви за истата.

Ве молиме да го разгледате овој предлог, и доколку го прифаќате да се пристапи кон подготовка и склучување на соодветна документација за спроведување на донацијата.

Со почит,

1ва КНИГА

Маринела Андовска Ѓошева

Друштво за вработување на инвалиди за графичка дејност
1-ва КНИГА
ДОО
Велес